МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број:04- 8139/10
Датум: 05-06-2026 2026 година

Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 142/2016, 2/2017, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас бр.02/2026 за унапредување на администативен службеник во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, објавен на ден 19.05.2026 година на веб страната на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Агенција за администрација, по сроведената постапка за селекција за работно место Советник за економски работи во областа на електроенергетиката во Одделение за проекти, производство и снабдување со електрична енергија, Сектор за електроенергетика, и шифра на работно место УПР 01 01 В01 000 се врши избор на следниот кандидат:

   - Воислав Стојковски

2. Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3, Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 49 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа Министерот го претставува министерството, организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите; донесува прописи и други акти за кои е овластен и презема други мерки од надлежност на министерството во согласност со закон; одлучува за правата, должностите и


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.ea.gov.mk

одговорностите на државните службеници и други лица вработени во министерството кои немаат статус на државни службеници, доколку со закон поинаку не е определено.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Согласно добиеното известувањето на Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини објави интерен оглас за унапредување на административен службеник бр.02/2026 на web страната на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Агенција за администрација, за работно место Советник за економски работи во областа на електроенергетиката во Одделение за проекти, производство и снабдување со електрична енергија, Сектор за електроенергетика, и шифра на работно место УПР 01 01 В01 000. По спроведената постапка по интерниот оглас 02/2026, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини формирана со решение бр.04-8139/5 од 28.05.2026 година спроведе административна селекција и изготви записник под бр.04-8139/7 од 02.06.2026 година во кој е констатирано дека аплицирал 1 (еден) уреден кандидат, врз основа на кој подготви записник заради спроведување на интервју бр.04-8139/9 од 02.06.2026 година кој содржи и финална ранг листа со предлог за избор.

Врз основа на спроведентата административна селекција, проверката на веродостојноста на доказите и интервју, министерот за енергетика, рударство и минерални суровини согласно член 52 од Законот за административни службеници, а поради оправдано отсуство на државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администратција во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини

Сања Божиновска

Подготвил: Петар Богучевски
Проверил номотехнички:
Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска